**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 4
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 3 - програма за мултимедијални презентации
**Наставна содржина:** Креирање и активирање едноставна презентација
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да може да креира едноставна мултимедијална презентација
**Очекувани резултати:** Менува дизајн на слајд и менува распоред на елементи во слајдот; преместува и копира слајдови во презентација
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација, бура на идеи
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, модифицира текст во презентација

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Што би направиле за да ја „разубавите“ презентацијата која досега ја изработивте?
На овој час ќе повториме како се менува дизајн на слајд, како се менува распоред на елементи во слајдот и како се менува редослед на слајдови.
**Учечко – поучувачки активности:**
МЕНУВАЊЕ РАСПОРЕД НА ЕЛЕМЕНТИ ВО СЛАЈДОТ
Во нашата презентација има три елементи: рамка со наслов, рамка со главни црти и рамка за слика (за нејзиното користење ќе учиме на наредните часови). Во панелот со задачи, во јазичето Оригинали, се експериментира со разни облици на распоред на елементите во слајдот.
МЕНУВАЊЕ ДИЗАЈН НА СЛАЈД
Програмата Impress ја креира презентацијата со црни букви на бела позадина. Ако сакаме да го промениме дизајнот на позадината, тоа го правиме со избор на дизајн во панелот со задачи во јазичето Оригинали. Позадината може да се смени со избор Форматирај – Дизајн на слајд, по што саканиот дизајн треба да се вчита со клик врз полето Вчитај...
МЕНУВАЊЕ РАСПОРЕД НА СЛАЈДОВИТЕ ВО ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА
Во централниот дел од екранот со избор Подредувач на слајдови или со избор на Приказ - Подредувач на слајдови се отвора прозорецот во кој со техниката влечи-и-пушти се менува редоследот на слајдовите во презентацијата.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ - Учениците работат во парови:

- менуваат распоред на елементи во слајдот;
- менуваат дизајн на слајд;
- менуваат распоред на слајдовите во презентацијата.

Очекуваните резултати се прикажани на следните слики:

obrazovanie.literatura.mk




Менување распоред на елементи во слајдот




Менување дизајн на слајд




Менување распоред на слајдовите во презентацијата

**Активности за евалуација:** Датотеката со креираната презентација се зачувува.

obrazovanie.literatura.mk